РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 11-6329/1
14-10-2020 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС

за

**финансирање на проекти за изградба, доградба, адаптација и опремување на објекти за проширување на капацитетите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст со средства од Буџетот на Министерството за труд и социјална политика**

I

Министерството за труд и социјална политика објавува јавен оглас за доставување на апликации (барања) од општините за финансирање на проекти за изградба, доградба, адаптација и опремување на детските градинки/центри за ран детски развој и други објекти и групи во други просторни услови во општините и општините во Градот Скопје.

II

Министерството за труд и социјална политика ќе обезбеди финансирање на проекти за изградба, доградба, адаптација и опремување на детските градинки/центри за ран детски развој и други објекти и групи во други просторни услови во општините и општините во Градот Скопје, според критериуми, методологија и други услови утврдени со интерен акт – решение донесено од министерот за труд и социјална политика.

Решението за утврдување на критериумите и методологија за рангирање и избор на општини за кои ќе се обезбеди финансирање со средства од Буџетот на Министерството за труд и социјална политика за проширување на капацитетите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст е дадено во прилог на јавниот оглас.

III

Средствата за оваа намена ќе се обезбедат од Буџетот на Министерството за труд и социјална политика, Раздел 15001, сметка 637, потпрограма 3А - Изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита, а ќе се реализираат преку постапка за јавна набавка спроведена од Министерството за труд и социјална политика.

IV

Пријавувањето на Јавниот оглас се врши со доставување на пополнета апликација (Барање).

Апликацијата (Барањето) може да се подигне во Министерство за труд и социјална политика - Секторот за заштита на деца (на адреса: ул."Даме Груев" бр.14, Скопје, 6 кат - соба број 15), или од официјалната веб страница на Министерството за труд и социјална политика www.mtsp.gov.mk.

V

Јавниот оглас е од отворен тип без рок за поднесување на апликации, и истиот е објавен на официјалната веб страница на Министерството за труд и социјална политика www.mtsp.gov.mk.

Апликациите (Барањата), во пишана форма со прилог документација треба да се доставаат до Министерство за труд и социјална политика, преку пошта на адреса: ул."Даме Груев" бр.14, 1000 Скопје, или во архивата на Министерството за труд и социјална политика, со назнака "Јавен оглас за финансирање на проекти за изградба, доградба, адаптација и опремување на објекти за проширување на капацитетите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст со средства од Буџетот на Министерството за труд и социјална политика".

Резултатите од јавниот оглас, ќе бидат објавени на официјалната веб страница на Министерството за труд и социјална политика www.mtsp.gov.mk.

Дополнителни информации може да се добијат на следниот телефон 023106-248

**Министерство за труд и социјална политика**